# ПРОГРАМА
# ЗА ПОДДРШКА НА СПОРТОТ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2022 ГОДИНА

Програмата за поддршка на спортот во Општина Аеродром за 2022 година, има за цел подобрување на спортскиот живот во Општина Аеродром, поттик на жителите на Општината, а особено младата популација, за масовно вклучување во спортски активности, со цел развој на позитивните вредности на спортот, во функција на обезбедување на здрави идни генерации во Општина Аеродром, како и поддршка на истакнати спортски клубови и здруженија на граѓани преку кои ќе се презентира Општина Аеродром.

Општина Аеродром, оваа Програма ќе ја реализира во рамки на можностите и расположливите средства во Буџетот на Општината за конкретните намени.

Оваа Програма ќе се спроведува во текот на 2022 година.

## I. Поддршка на спортски манифестации и активности кои се организираат на подрачје на Општината од страна на здруженија на граѓани

### 1. Цел

Основна цел на оваа активност е поддршка на рекреативни спортски активности и манифестации - турнири во фудбал, мал фудбал, ракомет, кошарка или друг вид на спортски натпревари, организирани на подрачјето на Општина Аеродром од страна на здруженија на граѓани, а кои имаат за цел масовно вклучување на младата популација и подигање на натпреварувачкиот дух и поттик на хуманиот аспект.

### 2. Корисници

Корисници на оваа поддршка се жители на Општина Аеродром, организирани во здруженија на граѓани или друг вид на правни лица, кои се јавуваат како носители на организацијата на спортските манифестации и активности.

### 3. Мерки

Општина Аеродром, како поддржувач на спортски манифестации и активности, во рамки на своите можности, може да дава техничка и финансиска поддршка на истите. Техничката поддршка подразбира давање на користење на техничка опрема со која располага Општината, на организаторот на манифестацијата, во периодот на траење на истата.

Финансиската поддршка за здруженија на граѓани за проекти од областа на спортот може да биде доделена по доставено барање или по објавен јавен повик, согласно распложливите средства од Буџетот на Општина Аеродром.

### 4. Носител

Оваа активност, како посебна мерка во рамки на реализација на Програмата за поддршка на спортот во Општина Аеродром за 2022 година, може да се спроведува од страна на Општина Аеродром, преку надлежните Сектор за образование, спорт, култура и заштита на Општина Аеродром во соработка со другите сектори и одделенија.

### 5. Извори на средства

Средствата за финансиска поддршка на рекреативни спортски активности и манифестации, се предвидени во Буџетот на Општина Аеродром за 2022 година и тоа од следната програма:

- Програма Л0- спорт и рекреација, потставка 463110 – трансфери до здруженија на граѓани – 3.700.000,00 денари.